РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 08-361/14

17 -06- 2020 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) на 31-та седница одржана на ден 12.06.2020 година донесе

***Одлука***

Постапката по предметот број 08-4614 од 2019 година, оформен по сопствена иницијатива на Државната комисија за спречување на корупцијата **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување на ДКСК по предметот број 08-4614/1 од 03.10.2019 година, оформен по сопствена иницијатива, за утврдување на прекршување на одредбата од член 82 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019).

Предметот со број 08-4614/1 од 03.10..2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

***Образложение***

Предметот број 08-4614/1 од 03.10.2019 година е оформен по сопствена иницијатива а врз основа на информации дека лицето ______________ е именувано за директор на ____________________ и дека во законски предвидениот рок по именувањето на функцијата не поднело анкетен лист до ДКСК.

ДКСК, со цел утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, побара информации и документација од ____________________________.

ДКСК, по разгледување на прибавените информации и од увидот во својата евиденција утврди дека _______________ со Решение на министерот за образование и наука број _________________ е именуван за вршител на должноста директор на _________________________ и во законски предвидениот рок од 30 дена не поднел анкетен лист до Државната комисија.

ДКСК, исто така, утврди дека на _____________ со Решение на министерот за образование и наука __________________ му престанала функцијата директор на ___________________ и дека во законски предвидениот рок по престанокот на функцијата не поднел анкетен лист.

Врз основа на член 114 став (3) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси ДКСК на именуваното лице му издаде и достави прекршочни платни налози за сторени прекршоци по член 82 став 1 и 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Со оглед на тоа што од страна на именуваното лице, во предвидениот рок не е постапено по издадените прекршочни платни налози, ДКСК до Прекршочната комисија во ДКСК против него поднесе Барање за поведување прекршочна постапка број 08-361/7 од 09.03.2020 година и Барање за поведување прекршочна постапка број 08-361/8 од 09.03.2020 година.

По поднесување на барањата за поведување на прекршочни постапки, од страна на лицето ____________________ е постапено по прекршочните платни налози односно е платен целиот износ на глобите утврдени во нив.

Тргнувајќи од наведеното, ДКСК до Прекршочната комисија во ДКСК достави известувања дека се откажува од барањата за поведување на прекршочна постапка против ________________.

Прекршочната комисија во ДКСК донела Решение број 14-1563/5 од 20.05.2020 година и Решение број 14-1564/5 од 20.05.2020 година со кои се запираат прекршочните постапки против лицето _______________.

Врз основа на сето горенаведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Изготвил: Адем Чучуљ, советник

Одобрил: м-р Владимир Георгиев, член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**